

# Анализа на работата на ООУ„Христијан Карпош“

# за првото полугодие од учебната 2022/23 година

## Материјално технички и други активности за подобрување на услови за работа на училиштето

Подготовките за учебната 2022/23 год. започнаа уште во месец јуни . Спроведени повеќе активности околу: варосување, чистење, потребни поправки, уредување на училниците и сл.;

Извршена е целосна дезинфекција и дезинсекција повеќекратно во сите простории во Централното и Подрачните училишта. Завршен е и пуштен во употреба пристапниот тоалет за ученици со ПОП. Набавени се 150 ребра гусени радијатори од страна на донатор,комплетно се сменети рутерите во централното и во подрачните училишта, набавени се 14 компјутери и 2 принтери, со што е опремен кабинетот по информатика, дидактички материјали и средства за кабинет по хемија и географски карти и глобус, преку 30 топки. Со средства од проектот Erasmus+ купена е уште 1 смарт табла, а како благодарност за активно учество во проектот„Редовно на часови“-УСАИД, добиен е уште еден компјутер.

Доставување на бесплатни учебници во училиштето се одвиваше во неколку етапи, но како и секогаш има недостиг од учебници за повеќе предмети, а за некои воопшто и нема учебници,

**Учебната 2022/23 год. училиштето ја започна со вкупно 56 паралелки (45 во централното училиште - 25 во одделенска и 20 во предметна настава), 6 паралелки во подрачното училиште во населбата „Иго Тричковиќ“ и 5 паралелки во подрачното училиште во село Тромеѓа) со вкупно 1122 ученици.**

Во оваа учебна година во I, II, IV и V одделение наставата се реализира според Новата концепција за основно образование.

## ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА НАСТАВНИЦИТЕ И СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ

Од почетокот на учебната година, наставниците и стручните соработници, посетија повеќе обуки :

- БРО започна со реализација на обуките за професионален развој на наставниците, кои беа реализирани во текот на октомври, ноември и декември.
- Беа организирани активности како завршен дел од обуките ПИКОК и ДИСО ,односно беа реализирани менторски средби како и презентација од спроведено истражување.
- За стручната служба од страна на БРО беа организирани неколкукратни он-лајн средби(предавања,презентации и работилници) на тема„Унапредување на ментално здравје на учениците“.
- Во септември беше реализирана и третата транснационална средба во Клајпеда,Литванија, во склоп на проектот „Дискалкулија и математичка анксиозност“ на која зема учество и нашето училиште со 4 претставника.
- Во октомври беше реализирана третата транснационална средба во рамки на проектот„ДигИн, во чекор со дигиталната ера“ која се одржа во Бриксен,Италија, на која исто така зема учество и нашето училиште на чело со координаторот Милица Тимчевска.

## Реализација на воннаставни активности

Во овој период учениците од нашето училиште земаа активно учество на неколку натпревари и за вложениот труд се здобија со повеќе награди:

- На ликовен натпревар за ученици од основно образование организиран на 26.10.2021 година по повод "Месецот на книгата" од страна на ЈОУ Библиотека "Тане Георгиевски" - Куманово , под менторство на наставникот Јорданчо Давидовски ,ученичката Илина Ѓурковска од IX б одделение го освои прво место и Мелани Стојановска од IX - трето место на тема„Една ноќ во библиотеката".
- На 18.11.2022 год. во Велес на Манифестацијата 55ти Детски Рацинови средби- ученичката Сара Алексовска под менторство на наставникот Фросина Пешевска, доби пофалница за учество.

Учениците од нашето училиште зедоа учество и достојно го претставија училиштето на голем број на спортски манифестации и натпревари организирани по повод 11ти Октомври:

- (турнир во футсал второ место), Општински натпревар во атлетика(прво и третто место),
- 21.11.2022год. учество на општински натпревар во кошарка,
- 1.12.2022 општински натпревар во одбојка(VIII и IX одд.) женски-Прво место,
- -23.12.2022-Зонски натпревар во одбојка-Второ место.

-На 19.12.2022 од страна на Сектор за превенција од малолетничка деликвенција беше одржано предавање за учениците од IX одд во врска со врсничко насилство и меѓуетничка толеранција.
На 22.12.2022 се одржа јавна трибина-историски час ,,Борбено и слободарско Куманово, на која учество земаа учениците Лука Цветанов и Теодор Стојковски со свои излагања за народните херои „Мара Нацева" и ,,Филимена Михајлова" под менторство на наставникот Ненад Ѓорѓиевски.

Ученичката заедница и ученичкиот парламент организираа поголем број на средби а беше избран и Ученик Правобранител Леона Зафировска од VIIIб одд.
Беа организирани и голем број на тематски работилници :Одбележување на Детска недела, Ден на храна, Ден на детето, Ден на штедење и слично, Ден на лицата со попреченост, активности по повод Новогодишните празници.Паралелно со овие активности, се работеше и на подготовка на приредбата по повод Патрониот празник на училиштето.
Од страна на стручната служба беа реализирани и неколку работилници за спречување на насилство меѓу учениците, професионална ориентација итн.

# Проектни активности

Моментално во училиштето се реализираат веќе отпочнатите ERASMUS + проекти:

- ”MathDama” -Dyscalculia and Mathematics Anxiety за кој е ќе се реализира дисеминација за наставниците од училиштето како и промоција на проектот пред општинските основни училишта.
- DigIn- Дигитализација и инклузивно образование - во чекор со дигиталната ера.Во рамки на проектот наставниците имаат можност да посетуваат бесплатни он-лајн обуки.

# Б Р О Ј Н А   П О Л О Ж Б А   Н А   У Ч Е Н И Ц И Т Е

| Одд. парал | Бројна положба | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Запишани | | | Придојдени | | | Отидени во друго училиште | | | Со изјави за странс. и др. | | | Останале | | |
| | м | ж | Вк. | м | ж | вк | м | ж | ВК | м | ж | вк | м | ж | вк |
| I | 67 | 65 | 132 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 | 4 | 67 | 63 | 130 |
| II | 70 | 61 | 131 | 4 | 1 | 5 | 0 | 1 | 1 | 0 | 2 | 2 | 74 | 59 | 133 |
| III | 66 | 59 | 125 | 0 | 3 | 3 | 1 | 1 | 2 | 5 | 6 | 11 | 59 | 56 | 115 |
| ***I-III*** | ***203*** | ***185*** | ***388*** | ***5*** | ***4*** | ***9*** | ***1*** | ***2*** | ***3*** | ***7*** | ***10*** | ***17*** | ***200*** | ***178*** | ***378*** |
| IV | 67 | 62 | 129 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 4 | 2 | 6 | 62 | 60 | 122 |
| V | 61 | 70 | 131 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 9 | 10 | 60 | 61 | 121 |
| VI | 61 | 62 | 123 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 4 | 2 | 6 | 57 | 61 | 118 |
| ***IV-VI*** | ***189*** | ***194*** | ***383*** | ***1*** | ***0*** | ***1*** | ***1*** | ***0*** | ***1*** | ***9*** | ***13*** | ***22*** | ***176*** | ***185*** | ***361*** |
| VII | 61 | 61 | 122 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 60 | 61 | 121 |
| VIII | 59 | 60 | 119 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 59 | 59 | 118 |
| IX | 61 | 48 | 109 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 1 | 3 | 59 | 47 | 106 |
| ***VII- IX*** | ***181*** | ***169*** | ***350*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***3*** | ***1*** | ***4*** | ***178*** | ***167*** | ***345*** |
| ***I-VI*** | ***392*** | ***379*** | ***771*** | ***6*** | ***4*** | ***10*** | ***2*** | ***2*** | ***4*** | ***15*** | ***22*** | ***39*** | ***376*** | ***363*** | ***737*** |
| ***i-ix*** | ***573*** | ***548*** | ***1121*** | ***6*** | ***4*** | ***10*** | ***2*** | ***2*** | ***4*** | ***18*** | ***23*** | ***43*** | ***554*** | ***530*** | ***1084*** |

На почетокот од учебната година запишани 1121 , а на крајот на првото полугодие го завршиле 1084 ученици.

Придојдени се 10 ученици, 4 ученици се отидени во друго училиште и за 43 ученици се потпишани изјави за заминување во странство од страна на родители .

За 8 ученици имаме добиено известување од МВР дека се заминати со семејствата во странство(без потпишани изјави од родител) и истите ученици се отпишани од училиштето. Овие ученици не се додадени во табеларите за бројот на вкупно отпишани ученици од училиштето.

На крајот на оваа полугодие, бројот на учениците во однос на запишани на почетокот на учебната е намален за 37. Во споредба со истиот период од минатата учебна година ,бројот на ученици е намален за 38.

# НАЦИОНАЛЕН СОСТАВ

| одделение | Македонци | | | Срби | | | Роми | | | други | | Вкупно | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | вк | м | ж | вк | м | ж | вк | м | ж | м | ж | ВК |
| I | 49 | 47 | 96 | 4 | 1 | 5 | 14 | 15 | 30 | / | / | 67 | 63 | 130 |
| II | 61 | 53 | 114 | 1 | 1 | 2 | 10 | 7 | 17 | / | / | 72 | 61 | 133 |
| III | 52 | 42 | 94 | 1 | 2 | 3 | 6 | 12 | 18 | / | / | 59 | 56 | 115 |
| **I-III** | ***162*** | ***142*** | ***304*** | ***6*** | ***4*** | ***10*** | ***30*** | ***34*** | ***64*** | ***/*** | ***/*** | ***198*** | ***180*** | ***378*** |
| IV | 49 | 41 | 89 | 1 | 3 | 4 | 12 | 16 | 28 | 0 | 0 | 62 | 60 | 122 |
| V | 48 | 52 | 100 | 3 | 0 | 3 | 9 | 10 | 19 | 0 | 0 | 60 | 62 | 121 |
| VI | 42 | 47 | 89 | 1 | 0 | 1 | 14 | 14 | 28 | 0 | 0 | 57 | 61 | 118 |
| **IV-VI** | **139** | **140** | **278** | **5** | **3** | **8** | **35** | **40** | **75** | **0** | **0** | **179** | **183** | **361** |
| VII | 56 | 54 | 110 | 0 | 1 | 1 | 4 | 6 | 10 | / | / | 60 | 61 | 121 |
| VIII | 54 | 55 | 109 | 4 | 0 | 4 | 1 | 4 | 5 | / | / | 59 | 59 | 118 |
| IX | 55 | 44 | 99 | 2 | 0 | 2 | 2 | 3 | 5 | / | / | 59 | 47 | 106 |
| **VII-IX** | ***165*** | ***153*** | ***318*** | ***6*** | ***1*** | ***7*** | ***7*** | ***13*** | ***20*** | ***/*** | ***/*** | ***178*** | ***167*** | ***345*** |
| **I-IX** | ***466*** | ***435*** | ***901*** | ***17*** | ***8*** | ***25*** | ***72*** | ***87*** | ***159*** | ***/*** | ***/*** | ***555*** | ***530*** | ***1084*** |

Анализирајќи го националниот состав на учениците, во најголем број се застапени Македонци 901, 159 ученици од Ромска националност и 25 Срби. Или, пресметано во %, **83,12% Македонци, 14,68% Роми и 2,30%** ученици од Српска националност. Бројот на учениците од Македонска и Српска националност се задржува во континуитет во текот на трите ВО периоди, додека кај учениците од ромска националност, тој драстично опаѓа во третиот период. Имено во првиот ВО период има **64 ученици Роми, во вториот период 75, а во третиот само 20.** Ова драстично намалување се должи на заминувањето на ромските семејства на привремена работа во странство, преrаснатост на учениците и сл. **Најголем број на отпишаните ученици се од ромска националност(48).**

## ПРЕГЛЕД НА УСПЕХОТ НА УЧЕНИЦИТЕ

| Оддел. | У С П Е Х Н А У Ч Е Н И Ц И Т Е |
|---|---|
| I-III<br>IV - VI | Од прво до шесто одделение од вкупно 737 ученици, описно се оценети 723 ученици, а не се оценети 14 ученици |

| Одд | неоценети | Послабо напредуваат |
|---|---|---|
| I | 5 | 16 |
| II | 4 | 7 |
| III | 1 | 12 |
| IV | / | 11 |
| V | / | 10 |
| VI | 4 | 26 |

| Одд | ИОП | МОДИФИЦИРАНА програма |
|---|---|---|
| I | 3 | 2 |
| II | 3 | / |
| III | 1 | / |
| IV | 1 | / |
| V | / | / |
| VII | 4 | / |
| VIII | 1 | / |
| Вкупно | 13 | 2 |

**VII-IX** — **Од седмо до деветто одделение бројчано се оценети вкупно 359 ученици**

| | Без слаби | | | | | | Со слаби | | | | Неоц | Сред. Успех. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | одлични | мн.добри | добар | доволен | вкупно | | 1 сл. | 2 сл. | 3 и пов. | вк. | | |
| VII | *33* | *27* | *32* | *2* | *94* | | *8* | *8* | *27* | *43* | *0* | *3,85* |
| VIII | *15* | *30* | *19* | *0* | *64* | | *17* | *18* | *19* | *54* | *0* | *3,33* |
| IX | *15* | *26* | *28* | *6* | *75* | | *15* | *3* | *11* | *29* | *0* | 2,60 |
| **VII-IX** | 63 | 83 | 79 | 8 | 233 | | 40 | 29 | 57 | 126 | 0 | 3,26 |

Во текот на овој квартален период , **најмногу ученици со слаби оценки има во VIII одд. а најмалку во IX одд.Најмногу ученици без слаби има во VII одд а најмалку во VIII одд.**
Оттука произлегува и средниот успех на ниво на училиште – **добар(3,26)**.
Има вкупно **14 неоценети** ученици од **прво до шесто одделение**, истите се неоценети поради нередовност или покасно вклучување во наставата од оправдани или неоправдани причини. Од **седмо до девето одделение нема неоценети ученици**.

# ПРЕГЛЕД НА ПОВЕДЕНИЕТО И РЕДОВНОСТА НА УЧЕНИЦИТЕ

| одд. | Педагошки мерки | | | | | Изостаноци | | | | | | | | | | | | Покани за нередовност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | оправдани | | | | неоправдани | | | | ВК | | | | |
| | Усна опомена | Писмена опомена | укор | Намал На повед | Преместув. | Македонци | Срби | Роми | вк | Македонци | Срби | Роми | вк | Македонци | Срби | Роми | вк | |
| I | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 319 | 0 | 453 | 772 | 0 | / | 233 | 233 | 319 | 0 | 686 | 1005 | 2 |
| II | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1349 | 0 | 616 | 1965 | 0 | / | 1616 | 1616 | 1349 | 0 | 2232 | 3581 | / |
| III | 3 | 3 | 0 | 0 | 0 | 1543 | 0 | 320 | 1863 | 33 | / | 830 | 863 | 1576 | 0 | 1150 | 2726 | 1 |
| IV | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 449 | 0 | 148 | 597 | 0 | / | 651 | 651 | 449 | 0 | 1450 | 1899 | 4 |
| V | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 585 | 10 | 1326 | 1921 | 1 | / | 287 | 288 | 586 | 10 | 1613 | 2209 | 2 |
| I-V | 5 | 3 | 0 | 0 | 0 | 4245 | 10 | 2863 | 7118 | 34 | / | 3617 | *3651* | 4279 | 10 | 7131 | *11420* | *9* |
| VI | 17 | 9 | 1 | 4 | 0 | 1081 | 7 | 1451 | 2539 | 7 | / | 1565 | 1572 | 1088 | 7 | 3016 | 4111 | 22 |
| VII | 3 | 1 | 1 | 0 | 0 | 186 | 0 | 106 | 292 | 60 | / | 83 | 143 | 246 | 0 | 189 | 435 | 11 |
| VIII | 15 | 2 | 1 | 0 | 0 | 1159 | 39 | 120 | 1318 | 158 | / | 0 | 158 | 1317 | 39 | 120 | 1827 | 16 |
| IX | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1302 | 57 | 135 | 1494 | 19 | / | 12 | 31 | 1321 | 0 | 147 | 1468 | / |
| **VI-IX** | 40 | 12 | 3 | 4 | 0 | 3728 | 103 | 1812 | 5643 | 244 | / | 1660 | *1904* | 3972 | 46 | 3472 | *7490* | *49* |
| I-IX | 45 | 15 | 3 | 4 | 0 | 7973 | 113 | 4675 | 12761 | 278 | / | 5277 | *5555* | 8251 | 56 | 10603 | *18910* | *54* |

Во овој прв квартален период, бројот на изостаноци е доста голем.Најголем број од изостаноците се направени од истите учениците кои не беа редовни и минатата година и беа упатени на одделенски испити. Во однос на минатата година бројот на оправдани изостаноци е намален за 4196 изостаноци, а на неоправдани изостаноци е намален за 2167.Тоа се должи на бришење на изостаноци за отпишани ученици по допис од МВР.

Исто така голем број од учениците беа со своите родители на сезонска работа(а не се појавија веднаш по завршувањето на 30- дневниот период за кој родителите имаа потпишано изјави.) Што се однесува до педагошките мерки, Во периодод од **I до Vодд**. изречени се **9 усни опомени** поради нередовност) а од **VI до IX** одделение, поради недолично однесување на учениците и изостаноци има изречено **35усни опомени, и 11писмени опомени, 2 укори и 1намалување на поведението.**

# Реализација на настава за ученици со ПОП

**ВО УЧИЛИШТЕТО ИМА 15 УЧЕНИЦИ СО ПОП, НО САМО 7 УЧЕНИЦИ ИМААТ ДОКУМЕНТ ЗА КАТЕГОРИЗАЦИЈА ОД МКФ, ИАКО ОД ОВАА УЧЕБНА ГОДИНА РОДИТЕЛИТЕ ИМААТ ОЛЕСНИТЕЛНА ОКОЛНОСТ , ДА ГИ ВОДАТ ДЕЦАТА НА ПРОЦЕНКА ВО ПРОСТОРИИТЕ НА ООУ„ВУК КАРАЏИЌ“ КАДЕ ШТО ФУНКЦИОНИРА МКФ ПРОНЦЕНКА ЗА НАШАТА ОПШТИНА.**

**13 УЧЕНИКА РАБОТАТ ПО ИОП, А 2 УЧЕНИКА ПО МОДИФИЦИРАНА ПРОГРАМА.**

**НЕМА ПРОМЕНА ВО ОДНОС НА ОБРАЗОВНИТЕ АСИСТЕНТИ.ИМЕНО, ЗА 4 УЧЕНИКА ИМА АСИСТЕНТИ АНГАЖИРАНИ ОД РЕСУРСНИОТ ЦЕНТАР „ИДНИНА“ , А ЗА ДВАЈЦА УЧЕНИЦИ ОД ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ РОДИТЕЛИТЕ И ПОНАТАМУ САМОСТОЈНО СИ ГИ ПЛАЌААТ АСИСТЕНТИТЕ ЗА СВОИТЕ ДЕЦА.**